[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

ИП1 бр.29-303
06.05.2025г.
Скопје

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (1) точка 14 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22), по извршениот вонреден инспекциски надзор на 02.05.2025 год. во ДПТ. Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден, застапувано од управителот Мајкл Денис Путз, во врска со испуштањето на отпадни води од пречистителната станица во канализациската мрежа на ТИРЗ Бунарџики 2 во Илинден, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.29-303 од 02.05.2025г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува ДПТ. Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден со деловно седиште во ТИРЗ Бунарџик бр.2- бр.1, во општина Илинден, застапувано од управителот Мајкл Денис Путз, и тоа да :

- Да направи анализа на отпадните води што ги испушта од пречистителната станица во канализациската мрежа на ТИРЗ 2 Бунарџик во Илинден

  Рок за отстранување на недостатоците е 7 **(седум) дена** од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина - Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина - советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, по писмена преставка од граѓанин преку електронска пошта, која се однесува на испуштањето на отпадните води од пречистителната станица на ДПТ. Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден во канализациската мрежа на ТИРЗ Бунарџик во Илинден, ДИЖС на ден 02.05.2025 год., изврши вонреден инспекциски надзор на наведената локација при што констатирта дека во индустрискиот капацитет лоциран во ТИРЗ 2 Бунарџик Илинден ДПТ. Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден врши производство на алуминиумски додатоци за автомобилската

[redacted]

индустрија (прва фаза), за која дејност има изработено елаборат за заштита на животната средина, за кој од МЖСПП-Управа за животна средина има добиено Решение за одобрување на елаборатот, заведено под бр.УП1-11/4-1010/2019 од 16.08.2019 год. и проширување на индустриските капацитет за производство на алуминиумски додатоци за автомобилската индустрија (втора фаза) опфатен во Елаборатот за животна средина, за кој од МЖСПП-Управа за животна средина има добиено Решение за одобрување на елаборатот заведено под бр. УП1-11/4-1549/2019 од 19.12.2019 год.

Последна анализа на испуштената отпадна вода од пречистителната станица во канализацискиот систем извршена е од 11.07.2024 до 18.07.2024 год. од акредитирана лабораторија, при што е изготвен и лабораториски извештај бр. 416/24 од 22.07.2024 год. Врз основа на добиените податоци од извршените анализи на отпадните води се констатира дека нема надминување на дозволените гранични вредности на емисија параметрите согласно правилникот за условите, начинот и граничните вредности... (Сл. Весник на РМ. Бр.81/2011).

Бидејќи ДПТ. Дура Аутомотиве ДООЕЛ Илинден во 2025 година нема направено анализа на отпадните води што ги испушта од пречистителната станица во канализацискиот систем на ТИРЗ Бунарџик, што е спротивно на **чл. 36–Интерен мониторинг** од Законот за животна средина, потребно е да направи таква анализа оваа година.

Во врска со горенаведеното Законот за животна средина, се постапи како во диспозитивот на Решението.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-303 од 06.05.2025г.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен Инспекторат за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Доставено до :**

- Архива
-

Дура Аутомотив
Примено на 06.05.2025

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА